Општина Кривогаштани
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 22-893/3
05.09 2025 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а постапувајќи по Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13 – Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1 MW на КП 2072/4 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор ДПТУ "ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕРИНГ СГГ" ДООЕЛ Прилеп, со тех.бр. У 06/25 од Јули 2025 година изработена од ДОО„ИЗОФАС" Прилеп, со површина на плански опфат од 0,63ha, Градоначалникот на Општина Кривогаштани, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13 –Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1 MW на КП 2072/4 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор ДПТУ "ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕРИНГ СГГ" ДООЕЛ Прилеп, со тех.бр. У 06/25 од Јули 2025 година изработена од ДОО„ИЗОФАС" Прилеп, со површина на плански опфат од 0,63ha, аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 73619.

Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13 – Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1 MW на КП 2072/4 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор ДПТУ "ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕРИНГ СГГ" ДООЕЛ Прилеп, со тех.бр. У 06/25 од Јули 2025 година изработена од ДОО„ИЗОФАС" Прилеп, со површина на плански опфат од 0,63ha, заверено под број 22-893/1 од 24.07.2025 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП (2020) беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 73619.

Кон барањето беа приложени следните документи:

-Полномошно од ДПТУ "ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕРИНГ СГГ" ДООЕЛ Прилеп за Друштво за градежништво, трговија и проектирање „ИЗОФАС" ДОО Прилеп заверено кај нотар Елизабета Стојаноска бр.УЗП 1578/2025 од 17.03.2025 година;

-Имотен Лист бр.615 КО Врбјани;

-Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-2842/2 од 15.07.2025 година;

-Геодетски елаборат за геодетски работи за посебми намени ажурирање на план КО Врбјани со дел.број 0801-220/3 од 30.05.2025 година изработен од „ГЕОНЕТ" ДОО Прилеп;

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 2072/4 КО Врбјани, општина Кривогаштани со тех.бр.Y27725 од Јули 2025 година и

-Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13 –Фотоволтаични електрани со капацитет помал

од 1 MW на КП 2072/4 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор ДПТУ "ЕЛЕКТРОИНЖЕНЕРИНГ СГГ" ДООЕЛ Прилеп, со тех.бр. У 06/25 од Јули 2025 година изработена од ДОО„ИЗОФАС" Прилеп, (pdf и dwg) формат.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Кривогаштани достави Предлог за одобрување на проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е 1.13 –Фотоволтаични електрани со капацитет помал од 1 MW на КП 2072/4 КО Врбјани, општина Кривогаштани, бр.22-893/2 од 11.08.2025 година.

Врз основа на претходно наведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Кривогаштани утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/2023).

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

Изработил:
Гоце Нешкоски

Градоначалник
на Општина Кривогаштани
Никола Мискоски